РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
бр. 24-76
22.12.2023 год
КРИВОГАШТАНИ

**Општина Кривогаштани**

ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа на ГП 1.Ж (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 07-294/2 од 20.12.2023 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 6,2ha, Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа на ГП 1.Ж (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 07-294/2 од 20.12.2023 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 6,2ha, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 58059.

### Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа на ГП 1.Ж (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 07-294/2 од 20.12.2023 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 6,2ha, заверено под број 07-294/1 од 20.12.2023 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 58059.

Кон барањето беа приложени следните документи:

-Полномошно од општина Кривогаштани за Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп бр.09-1179/1 од 20.12.2023 година;

-Имотен Лист бр.88 КО Обршани;

- Решение за Услови за планирање на просторот бр.УП1-15 2388/2023 од 13.11.2023 година;

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на

земјиште) на КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани со тех.бр.Y55423 од Ноември 2023 година и

-Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа на ГП 1.Ж (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 07-2945/2 од 20.12.2023 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, (pdf и dwg) формат.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа на ГП 1Ж (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани, бр.24-76 од 21.12.2023 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по извршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
**Гоце Нешкоски**

**Градоначалник**
**на Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**

Република Северна Македонија
Општина Кривогаштани
Кривогаштани